| | |
|---|---|
| **Неделна тема** | Децата и пролетта |
| **Содржина на денот** | Весели деца |
| **Возраст** | 3-4 години |
| **Воспитувач** | Снежана Цветковска |
| | **Дневни активности** |
| **Здрави и безбедни навики** | Сфаќање на значењето и практицирање на определен здравствено-хигиенски биоритам во севкупните активности преку ден,особено исхраната, одморот, движењата и играта. |
| **Активност** | Покажете му на детето слики или илустрации од природата во пролет (слика бр.1,2) и разговарајте колку е важно да се оди на прошетка и да се играат разни игри во природа. Особено поради чистиот воздух и поттикнување на пријатното расположение.<br>Потоа со детето неколку пати пејте ја песната „Пролет” од музичкото CD „Лисичко и Калинка” (слика бр.3).<br>https://www.youtube.com/watch?v=0004zhB82ko<br>На детето покажете му ја музичко-ритмичката игра на истата песна, со едноставни ритмички движења во ритамот на музиката од песната.<br>Во играта може да вклучите шарено топче (слика бр.4). Оваа музичко-ритмичка игра особено е погодна за игра на воздух, во природа.Т аму може да се сокрие зад дрво и подобро да се анимира играта.<br>Понудете му на детето да ги обои во шарени бои цветовите и шареното топче, кои претходно сте ги нацртале на лист од блок, со восочни  или дрвени боици (слика бр.5, 6). |